# ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Комисија за хартии од вредност
на
Република Северна Македонија

**СЕПТЕМВРИ 2018**

**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**KOMISIONI I LETRAVE ME VLERË**
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
**SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION**
OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

Сертификат за општествена одговорност

Certifikatë për përgjegjësi shoqërore

IASS- RES.C: 2020-2022

WWW.SEC.GOV.MK

# КОМИСИЈАТА ВЛОЖУВА ВО МЛАДИТЕ И ВО НИВНИОТ КАРИЕРЕН РАЗВОЈ





Комисијата за хартии од вредност е свесна дека исполнувањето на нејзината мисија и спроведувањето на нејзините надлежности бара континуирано регрутирање на квалитетни и стручни мотивирани лица на сите нивоа или фази во кариерата со соодветни работни компетенции потребни за да се постигнат ефикасни и ефективни резултати во работата. Затоа, Комисијата за хартии од вредност посвети големо внимание на предизвиците со кои се соочуваат младите лица при своето вработување од една страна и на потребата од постоење, проширување и одржување на квалитетна и талентирана работна сила од друга страна која ќе претставува добра основа од каде се црпат идни кадри во Комисијата и на пазарот на капитал воопшто.

Во таа насока, КХВ започна со праксата на избор на најдобар научно-истражувачки труд/есеј на тема од областа на пазарот на хартии од вредност со цел да го зголеми интересот кај младите ученици и студенти за работата на пазарот на хартии од вредност и да ги охрабри преку научно-истражувачката дејност знаењата стекнати во образовниот процес да ги синтетизираат во труд или есеј со што ќе придонесат при креирање на мерки и активности за развој на пазарот на хартии од вредност и воопшто на економијата.

Во септември 2018 година, КХВ објави за прв пат конкурс за изработка на есеј/осврт на тема „Влијанието и придобивките на приклучување кон евроатлантските организации врз работењето на пазарите на хартии од вредност" и изработка на научно истражување/труд со оригинални научни резултати на тема „Влијанието и придобивките на приклучување кон евроатлантските организации врз работењето на пазарите на хартии од вредност". Одлуката за избор на најдобар есеј и најдобар научно-истражувачки труд ја донесе посебна Комисија формирана за таа цел, а наградите беа врачени на авторите на настан организиран од страна на Комисијата во септември 2018 година на кој беа презентирани трудовите. Овој конкурс ја увери Комисијата за хартии од вредност дека младите ученици и студенти имаат интерес за пазарот на капитал, за евроатланските организации и за придобивките кои ќе ги имаме со аспирацијата на нашата земја во големото европско семејство. мерки и активности за развој на пазарот на хартии од вредност и воопшто за економијата.